Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA

Дел. бр. 37-1911/1

29-08-2024 година

# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

## ЗА ПЕРИОД 2025 – 2027 ГОДИНА

Директор
Стојанче Ангелов

Скопје, август 2024 година

**Почитувани,**

Врз основа на анализата на постигнатите резултати и оствареniот напредок во досегашниот период на изградба и развој на Системот за управување со кризи, во овој Нацрт Стратешки план, Центарот ги претставува сопствената визија и мисија, кои подржани преку соодветни програмски активности и обезбедување на финансиски средства, планира да ги реализира своите стратешки приоритети и цели, со што ќе се обезбеди имплементирање на ефикасен и ефективен систем за управување со кризи во Република Северна Македонија, во функција на ефикасна заштита на животот и здравјето на граѓаните, материјалните, природните и културните добра, како и општата безбедност на државата.

Во Нацрт Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи (Центарот) за периодот 2025-2027, година ги презентираме стратешките приоритети и цели на Центарот, со чија реализација во наредниот период ќе се придонесе во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и нејзините политики од областа на унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедност на граѓаните и придонес во колективна безбедност, интеграцијата на РСМ во ЕУ.

Во процесот на изработката на Нацрт Стратешкиот план за периодот 2025-2027 година, Центарот пристапи кон поставување на своите приоритети и цели, воспостави соодветни програми преку кои ќе се обезбедат финансиски средства за јакнење на капацитетите за ефикасна употреба на целокупните ресурси за постигнување на оптимална ефективност во намалувањето на ризиците од катастрофи на територијата на Република Северна Македонија или на одредени нејзини делови.

Со реализирањето на поставените стратешки приоритети и цели во овој Нацрт Стратешки план, очекуваме да се зајакнат вкупните капацитети на Центарот и Системот за управување со кризи со што ќе се придонесе во зголемување на нивото на вкупните способности на субјектите за превенција и рано предупредување за ризиците кои можат да предизвикаат катастрофи, како и брз и ефикасен одговор и закрепнување од последиците при катастрофи на територијата на Република Северна Македонија, или на одредени нејзини делови.

## 1.1. ВОВЕД

Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државната управа има посебно место и улога во Системот за управување со кризи во Република Северна Македонија. Мандатот на Центарот, (по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице) е определен во членот 21 од Законот за Управување со кризи ( Сл. Весник на РМ бр. 29/2005 , Сл. Весник на РМ бр.36/2011, Сл. Весник на РМ бр.41/2014, Сл. Весник на РМ бр.104/2015 и Сл. Весник на РМ бр.215/2021), според кој, Центарот ги врши работите што се однесуваат на обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствена процена на загрозеност од сите ризици и опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување на кризи и кризна состојба и врши и други работи утврдени со закон. Воедно е и носител на вкупната поддршка (стручна, организациска, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена, како Владини тела кои управуваат со Системот за

управување со кризи.

Имајќи ја предвид ваквата законска поставеност на институцијата, процесот на стратешкото (среднорочно) планирање во Центарот, покрај тоа што е посебно насочен кон сопствените приоритети и цели, има и поширока координативна функција со активности кои ги планираат и спроведуваат останатите субјекти во Системот за управување со кризи.

Нацрт Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2025-2027 година, согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата, претставува среднорочен план каде јасно се изразени приоритетите кои ќе се остваруваат во наведениот период со конкретни активности во кој се поставени општите и посебните цели на Центарот, програмите врз кои е ставен посебен акцент и активностите кои треба да се преземат.

**1.2. Анализа на состојбата**

Процесот на стратешкото планирање претставува механизам кој овозможува Центарот за управување со кризи врз основа на претходно издржана анализа да ги утврди приоритетите, приоритетните цели и политиките во функција на нивно остварување во рамките на буџетскиот процес и следствено на тоа ефикасно да алоцира соодветни ресурси за нивно спроведување.

Од извршената анализа на состојба за постигнатите резултати на Центарот за управување со кризи во 2023 година, констатирано е дека Центарот оствари висок степен на реализација на активностите од стратешко значење.

**I. Во стратешката програма „Управување со кризи“**

Во текот на 2023 година Центарот за управување со кризи функционираше во услови на:

- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението
- Кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија (Делчево и К.Паланка)
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата

- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево, Општина Крива Паланка и на дел од територијата на Општина Ранковце, с.Герман, заради поплави и справување со последиците од нив.
- Кризна состојба заради поплави на дел од територијата на РСМ 9с.Герман)

Центарот за управување со кризи за времетраењето на кризните состојби превзема мерки и активности согласно Законот за управување со крзи, а првенствено на:

- Обезбедување на административна и техничка поддршка при организација на одржување на седници на **Управувачки комитет за одржани 7 седници.**
- Обезбедување на административно-стручна поддршка при организација на одржување на седници на **Група за процена за одржани 11 седници.**
- Обезбедување на административно-стручна поддршка при организација на одржување на седници **на Главен Штаб за одржани 9 седници.**
- Координација со активностите во текот на справувањето со кризната состојба, преку изработка на акциски планови и контрола на спроведување;
- Редовни неделни известувања за преземените активности во врска со одлуките за кризна состојба (согласно член 31 од Законот за управување со кризи);
- Изработка на извештаи за завршувањето на кризната состојба (согласно член 31 од Законот за управување со кризи);

Ваквите состојби условија нови приоритети во работењето на Центарот за управување со кризи и ангажирање на значителен дел од ресурсите за практично спроведување на донесените Одлуки со законска сила како и на мерките, препораките и заклучоците на Владата на Република Северна Македонија.

**Национално координативно тело за имплементација на препораките на НАТО**

Согласно заклучок бр. 1, ТОЧКА 60 од Записникот на Седумдесет и втората седница на Владата на РСМ одржана на 23.08.2022 година, Центарот за управување со кризи е надлежна институција за координација на спроведување на политика на НАТО за градење отпорност.

Согласно горенаведениот заклучок Центарот беше задолжен во рок од 60 дена да формира Координативно тело за спроведување на политика на НАТО за градење отпорност.

Во <u>2023</u> година во ЦУК на 12.09. и 03.10.2023 година беа реализирани состаноци на координативното тело со учество на претставници на повеќе институции кои се дел од координативното тело. Состаноците се одржаа со цел подготовка за учество на Билатерални консултации со НАТО во Скопје на 17 и 18 октомври 2023 година.

Во 2023 и 2024 година во рамки на билатералната соработка помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави се реализираа четири Меѓуресорски работилници за градење отпорност во организација на Министерството за одбрана и Институтот за безбедносно раководење (Institute for Security Governance – ISG) од САД.

Работилниците се водени од тим на експерти од САД, кои се вклучени во процесот на одбранбено планирање на НАТО. Учесниците на работилниците се воедно и членови во Координативното тело за спроведување политика на НАТО за градење отпорност.

Претставниците на ЦУК учествуваа во својство на координатори и коносители во сите 7 линии на градење отпорност.

Во 2023 година во Скопје беа реализирани две меѓуресорски работилници за градење отпорност –на 12-16 јуни и на 17-20 октомври.

**Координација и организациско-административни подготовки за учества на вработени во секторот и во ЦУК, како и други активности:**

- Работна средба со претставници на Амбасадата на САД со цел продолжување на соработката со Амбасадата во делот на планирање и реализација на вежби од областа на кризниот менаџмент, 17 јануари 2023 година;
- Учество на обука за скрининг на Поглавје 27, Клуб на пратеници, Скопје, 18 јануари 2023 година;
- Воведен состанок во МНР на тема организација на регионален настан во 2023 год. во рамки на Јадранската повелба (А5) , 31 јануари 2023 година;
- „НАТО ориентационен курс за кризен менаџмент" (Crisis Management Orientation Course - CMOC), Министерсто за одбрана, Скопје, 06-07 февруари 2023 година;
- Онлајн настан „ERS Refresher/Info Session for the Civil Experts", 07 февруари 2023 година;
- До НАТО е доставен Ситуациониот извештај на РСМ во делот на Градење отпорност, Цивилна подготвеност и Седумте основни побарувања на НАТО, обединет од страна на ЦУК согласно доставените податоци од страна на надлежните институции во РСМ, 08 февруари 2023 година;
- Координација на барањата и понудите за хуманитарна помош за Република Турција доставени преку НАТО ЕАДРЦЦ, февруари 2023 година;
- Координативни состаноци со Амбасадата на Република Турција во Скопје за доставување на хуманитарната помош до погодените подрачја од земјотресот, 08-09 февруари 2023 година;
- Реализирано упатување на лице од ЦУК на работа во постојаната делегација на РСМ при НАТО во Брисел, 14 февруари 2023 година;
- Учество на два подготвителни состанока во Министерството за одбрана за НАТО вежбата CMX23, 22 февруари и 02 март 2023 година;
- Реализирана дводневна работна средба во ЦУК согласно темата „Капацитети за рано предупредување, подготвеност и превенција од катастрофи" со претставници од САД, од Центарот и од други национални институции со надлежности во делот на рано предупредување, подготвеност и превенција од катастрофи, 27-28 февруари 2023 година;
- НАТО вежба CMX23, Министерство за одбрана, Скопје, 09-14 март 2023 година;
- Работилница за размена на искуства помеѓу Црна Гора и Косово за проектите NFFIS / Eco-DRR, 13-14 март 2023 година, Подгорица, Црна Гора;
- Технички состанок со партнерите од ЕУ Проектот еФИДАР, 31 март 2023 година;
- Координативен состанок во МНР на тема подготвителни активности и организација на настан во рамки на А5 (САД - Јадранска повелба), 04 април 2023 година;
- Онлајн обука за DisasterAWARE платформата за рано предупредување, подготвеност и превенција од катастрофи, во организација на Центарот за катастрофи на Пацификот од САД, 13 и 25 април 2023 година;

- Настан „Анализа на трендот на заканите и сајбер ризиците заради зајакнување на сајбер безбедноста“ – RACVIAC, 27-30 март 2023 година, Загреб, Хрватска;
- Координативен состанок во МО на тема изработка на Преглед на планирање на одбранбени способности 2023 во делот на Цивилна подготвеност, 11 април 2023 година;
- Состанок на Оперативниот тим за справување со сајбер и хибридни закани во рамки на Советот за координација на безбедносно-разузнавачка заедница (СКБРЗ), Влада на РСМ, 11 април 2023 година;
- Конференција ”EENA European Emergency Number Association”, 18-21 април 2023 година, Љубљана, Словенија;
- Работна посета на Министерството за сигурност на БиХ за Проектот EcoDRR, 18-22 април 2023 година, Сараево, Босна и Херцеговина;
- Состанок на Групата за цивилна заштита (CPG) при НАТО Комитетот за отпорност, 19-20 април 2023 година, Брисел, Белгија;
- Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2023) – Модул I, 24-29 април 2023 година, Виена, Австрија;
- Студиско патување за имплементација на „Природно базирани солуции за намалување на ризици од катастрофи“, 24-27 април 2023 година, Бон, Германија;
- НАТО Симпозиум за градење отпорност, 25-27 април 2023 година, Рига, Летонија;
- Иницијален состанок за запознавање со Националната развојна стратегија (НРС), ЦУК, 28 април 2023 година;
- Координација на активностите за изработка на Преглед на планирање на одбранбени способности 2023 на РСМ во делот за Цивилна подготвеност, мај 2023 година;
- Учество на претставници од ЦУК на вежба во организација на Амбасадата на САД, 30 мај 2023 година;
- Корисничка обука и работни состаноци во ЦУК за DisasterAWARE платформата за рано предупредување, подготвеност и превенција од катастрофи - со учество на претставници од ЦУК и од други национални институции со надлежности во делот на рано предупредување, подготвеност и превенција од катастрофи, во организација на партнерите од САД, 12-13 јуни 2023 година;
- Курс за биолошки закани, 21-23 јуни 2023 година, Приштина, Р. Косово;
- Посета на ЦУК на претставници на Центарот за трагање и спасување на Р. Албанија и реализација на работен состанок со цел потпишување Меморандум за билатерална соработка во делот на трагање и спасување и прекугранична соработка, 13-14 јуни 2023 година;
- Суб-регионална обука за Национален акциски план за безбедност во здравствениот сектор за Западен Балкан, 03-07 јули 2023 година, Истанбул, Турција;
- Проект за техничка соработка за изградба на капацитети за намалување на ризици од катастрофи (NFFIS / Eco-DRR), 07-11 јули 2023 година, Сараево, БиХ;
- Учество на секторот во испраќање меѓународна помош во Словенија (во координација со МО), врз основа на барањето на Словенија за меѓународна помош добиено преку НАТО EADRCC на 06.08.2023 година, 07-09 август 2023 година;
- Меѓународен курс за управување со катастрофи, 06-22 август 2023 година, Сан Франциско, САД;

- Состанок во ЦУК со претставници на национални институции со надлежности во делот на раното предупредување, во рамки на соработката со Шумската служба на САД и Центарот за катастрофи на Пацификот од САД, 16 август 2023 година;
- Координативен состанок со експерти/обучувачи од областа на стабилизација и реконструкција, ЦО "Д-р Џозеф Крузел" – Скопје, 06 септември 2023 година;
- Подготовка на материјал за учество на Билатерален скрининг со ЕУ во поглавјето 27 Цивилна заштита, 12 септември 2023 година;
- Состанок за размена на искуства за Националниот Информатички систем за шумски пожари во Црна Гора и С. Македонија, 12-14 септември 2023 година, Подгорица, Црна Гора;
- Доставување податоци од ЦУК за потребите на ЕУ билатералниот состанок во рамки на Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, 15 септември 2023 година;
- Состанок за систем за рано предупредување на Балканот, во организација на Шумската служба на САД и Центарот за катастрофи на Пацификот од САД, 19-20 септември 2023 година, Хотел Мериот – Скопје;
- Доставување презентација и учество на подготвителни состаноци во СЕП за учество на билатерален скрининг за Поглавје 22 во Брисел, 22 септември 2023 година;
- Состанок "The Impact of Hybrid Conflict on Regional WMD" фаза 2 од Проектот на RACVIAC „Оружје за масовно уништување", 25-29 септември 2023 година, Загреб, Хрватска;
- Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2023) – Модул II, 25-29 септември 2023 година, Бар, Црна Гора;
- Учество на објаснувачкиот скрининг за Поглавје 30 Надворешни односи, СЕП – Скопје, 26 септември 2023 година;
- Координативен состанок во МО со цел подготовки за билатерални консултации со НАТО во Скопје во октомври 2023 година, 29 септември 2023 година;
- Билатерален скрининг за поглавје 22, 04-06 октомври 2023 година, Брисел, Белгија;
- Сеопфатна развојна обука за градење на капацитетите на институциите вклучени во процесите на НАТО, усогласена со НАТО стандардите „Безбедност преку заедништво" – Модул I (основно ниво), 12, 13 и 16 октомври 2023 година, МНР – Скопје;
- Билатерални консултации со НАТО, 17-18 октомври 2023 година, Клуб на пратеници – Скопје;
- Регионален курс за цивилно-воено управување со кризи (CMCMC 2023) – Модул I, Винер Нојштат, Австрија, 06-10 ноември 2023 година;
- Состанок за регионална нуклеарна безбедност, 24-25 октомври 2023 година, Загреб, Хрватска;
- Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2023) – Модул III, 30.10.-03.11.2023 година, Сараево, Босна и Херцеговина;
- Втор состанок на НАТО комитетот за отпорност на ниво на високи претставници, 07 ноември 2023 година, Брисел, Белгија;
- Работилница во рамки на активностите на ХБРН Програмата за Југоисточна Европа, 13-17 ноември, Баку, Азербејџан;
- Подготвителен состанок во СЕП за Поглавје 30 Надворешни односи, 13 ноември 2023 година;

- Доставување податоци за записникот од билатералниот скрининг за Поглавје 27 Цивилна заштита, 17 ноември 2023 година;
- Работен состанок во МО за Стратегија за градење отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025), 27 ноември 2023 година;
- Работилница за размена на искуства на националниот Информатички систем за шумски пожари, 29.11.-01.12.2023 година, Призрен, Косово;
- Работилница и завршна конференција во рамки на ЕУ проектот еФИДАР, 05-07 декември 2023 година, Солун, Грција;
- Сеопфатна развојна обука за градење на капацитетите на институциите вклучени во процесите на НАТО, усогласена со НАТО стандардите „Безбедност преку заедништво" – Модул II (средно ниво), 11-12 декември, МНР – Скопје;
- Работен состанок во ЦУК со претставници на Генералниот секретаријат за дефинирање и реализација на активностите од Акциskиот план за имплементација на Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани, 13 декември 2023 година;
- Регионална работилница за планирање вонредни ситуации во рамки на ИПА проект, 11-14 декември 2023 година, Будва, Црна Гора;
- Состанок на НАТО Комитетот за отпорност, 12-14 декември 2023 година, Хелсинки, Финска;
- "SDG's Global Leaders Program 2022-2023" (магистерски студии-стручно усовршување) во Јапонија – Јапонска агенција за меѓународна соработка (JICA), 17.09.2023 – 31.03.2026 година.

Имплементација на новата Уредба за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената

Извршување на обука за обучувачи и корисници на надградениот МКФФИС со модулите кои произлегуваат од Еко-ДРР проектот

Имплементација на планираните проектни активности од проектот за Еко- базирани решенија во намалување на ризици од катастрофи (ECO-DRR)

Во јуни 2023 година, извршена и прифатена измена и дополна на Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности, нејзина содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената.

Реализирани се активности за соработка во рамките на проектот за "Подобрување на отпорноста од поплави во полошкиот регион" (Improving Resilience to Floods in the Polog Region), имплементиран од страна на Програмата за развој на обединетите нации (УНДП) а во согласност со измената на Уредбата.

Врз основа на спроведените анализи и оцена на состојбата и достигнувањата во областа на законските надлежности поврзани со превенцијата и процената на ризици во Центарот за управување со кризи (ЦУК), активност која беше спроведена од страна на стручен консултант од Агенцијата за соработка и развој на Швајцарија (СДЦ), како донатор на проектот "Improving Resilience to Floods in the Polog Region", кој се имплементира од страна на УНДП, ЦУК е вклучен во овој проект, како носител на активностите за Системот за управување со кризи, во кој се вклучени и други субјекти од системот како УХМР, ДЗС и посебно Единиците на локалната самоуправа од

Полошкиот регион а се однесува на  однесува на експертска анализа на содржината на текстот на постоечката Уредба со цел да се предложат конкретни измени кои ќе бидат во согласност со меѓународните стандарди, како и обврските кои произлегуваат од соодветните директиви и насоки на ЕУ

Поддршката на процесот на ажурирање на уредбата посебно се однесуваше и на организација на 8 наменски работилнци на регионално-локално ниво (Охрид, Битола, Штип, Струмица, Тетово, Велес,, Куманово и Скопје).Со обуките беа опфатени вкупно 116 вработени од ЦУК од кои родово застапени беа 29 жени ( раководители вкупно 7, советници вкупно 21, 1 соработник ) и 87 мажи ( раководители вкупно 27, советници вкупно 52 и 8 соработници ).

Целта на активностите за измена е да се овозможи квалитативно подобрување на структурата и содржината на Методологијата, да се усогласи со насоките и добрите практики од релевантните меѓунардони иницијативи, со процесот на дигитализација и мапирање на ризици и примена на информатички технологии, да се обезбедат јавно-достапни информации за институциите како и транспарентност кон јавноста и заинтересираните страни во однос на содржината од процените за подрачјата на општините, градот Скопје и Републиката, но и да се спроведат административни усогласувања во однос на промената на уставното име на Републиката и промени во други прописи.

ЕУ

- Учество во работата на "Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој,, во делот "Цивилна заштита" со доставување податоци за институционалниот напредок и административниот капацитет.

Во текот на 2023 година до Секретаријатот за европски прашања доставени се податоци од делокругот на работењето на ЦУК во однос на реализирани активности, постигнати цели, тековни и планирани проекти во кој е вклучен ЦУК.

- Учество во Работни групи за подготовка на преговарачки позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европска Унија ("Сл. Весник на РСМ бр. 224/2022) за Поглавје 27: Животна средина / Цивилна заштита и Поглавје 30: Хуманитарна помош.
- Доставување придонес кон Извештајот на Европска Комисија за институционалниот напредок на ЦУК.

**Центар за обука**

Целосна функционалност на Центар за обука со што Центарот за управување со кризи ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и учесниците во Системот за управување со кризи, со цел подигнување на нивото на нивната обучесност, знаења и вештини во извршувањето на секојдневните задачи.

Целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување, преку одржување на Веб базираните алатки Е-процена (http://procena.cuk.gov.mk) и (MAKFFIS-www.mkffis.cuk.gov.mk), преку кои се спроведуваат законските надлежности за изработка и ажурирање на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности"  и "Процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности.

**Во 2024 година, Центарот за управување со кризи има поднесено Иницијативи до Влада на РСМ.**

- Надградба на софтверот за Е-112 за прием на повици со користење на e-call, СМС и социјални медиуми со идентификација, локација и други параметри за повикувачот.

Издадени се дозволи-пропусници од страна на Центарот за влез во двата Транзитни центри (ТПЦ Винојуг Гевгелија и ТПЦ Табановце Куманово).

Во однос на иницијативата за отворање на Канцеларии за Родово базирано насилство, косултативни-координативни и советодавни во рамки на Транзитните центри Винојуг-Гевгелија и Табановце-Куманово, истите се веке отворени и функционални и во двата ТПЦ, под покровителство на Црвен крст на Република Северна Македонија.

Во Канцелариите се функционира со редовна работа во една смена во траење од 8 (осум) часа во текот на денот, а се организираат редовни средби-координација помеѓу сите субјекти учесници во СУК кои се активни во тековното работење на двата ТПЦ (МТСП, МВР-Гранична полиција, ЦУК, НВО Меѓународните организации како и ЦК на РСМ.

**II. Во стратешката програма „Воспоставување на единствен комуникациско - информациски систем ":**

- Релизирани заеднички утврдените задачи за организација и функционирање на Е-112 во Републиката.
- Изработени се потребните оперативни постапки и редовно се врши обука со операторите

### 1.2.2. PEST Анализа

Анализата на политички, економски, социјален и технолошки план ја мери целната група и нејзините потенцијали.

Од аспект на политичките фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Центарот за управување со кризи, најважни се:

- Стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РСМ;
- Одлуки донесени од страна на Владата на РСМ.

Економски фактори:

- Обезбедени финансиски средства од Буџетот на РСМ;
- Пристап до меѓународни програми и фондови;
- Можности за обезбедување средства од донации за спроведување на одредени проектни активности

Социјални фактори:

-

Технолошки фактори:

- Напредок на дигитални вештини и технологии.

1.2. 3. SWOT Анализа

| Предности-Силни страни | Слабости (Слаби страни) |
|---|---|
| - Воспоставена организациона единица за раководење и координирање со процесот на стратешко планирање<br>- Воспоставен стандардизиран процес на среднорочно (стратешко) и краткорочно планирање на институционално ниво<br>- Воспоставен интерен Систем на планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ);<br>- Солидни административни капацитети за успешно раководење и координирање со процесот;<br>- Реновирани и реконструирани објекти;<br>- Повисока безбедност на информатичкиот систем во ЦУК. | - Недостаток на човечки ресурси во одредени организациски единици во Центарот, поради исполнување услови за заминување во пензија.<br>- Недоволна пополнетост на одделението за стратешко планирање со адекватен персонал, согласно Правилникот за систематизација,<br>- Отсуство на систем на редовна размена на информации и комуникација помеѓу организационите единици во процесот на планирање, следење и оценување на постигнатите резултати во спроведувањето на стратешките приоритети и цели<br>Недоволна пополнетост на Секторот за меѓународна соработка со адекватен персонал, согласно Правилникот за систематизација |
| **Можности** | **Закани** |
| - Соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес,<br>- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработените преку генерички обуки и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените. | - Отсуство на функционални кадровски и персонални политики базирани на компетентност во процесот на планирањето<br>- Одлив на вработени по основ на пензионирање и ненавремено пополнување на работни места со нови луѓе кои ќе го превземат знаењето и искуството |

## 1.3. Мисија на центарот

Мисијата на Центарот се состои во обезбедување на постојано ниво на комуникација, координација, консултации и меѓуресорска размена на податоци, во функција на подготвеност и интероперабилност на субјектите што се дел од системот за превенција и рано предупредување од ризици и опасности кои можат да предизвикаат одредени катастрофи и кризни состојби, како и да обезбеди координирано справување и надминување на последиците од настани и појави кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, природните, материјалните и културните добра и општата безбедност на Републиката.

## 1.4. Визија

Центарот е насочен кон изградба на Систем за управување со кризи, со респектабилни капацитети и способности, втемелен на висока професионалност, посветеност и подготвеност на поединците и субјектите кои го чинат истиот, со цел обезбедување на оптимални услови за безбедна животна и работна средина, како и услови за економски и социјален просперитет на државата.

### 1.5. Задачи и обврски на Центарот за управување со кризи

Центарот за управување со кризи, како самостојна Владина институција, има посебна положба и стратешка функција во насока на обезбедување на постојана координација со сите субјекти, во чија надлежност е следењето на појавите и состојбите кои можат да предизвикаат несреќи и катастрофи од пошироки размери, по животот и здравјето на граѓаните, природните, материјалните и културните добра на државата.

Во таа насока и во наредниот среднорочен период, Центарот има задачи и обврски да презема активности во извршување на работите кои се однесуваат на:

- Обезбедување на целосна организациска, административна и стручна поддршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со Системот за управување со кризи (Управувачки комитет, Група за процена) и останатите субјекти кои извршуваат посебни задачи и надлежности во рамките на системот;
- Обезбедување на административно-стручна и техничка поддршка на Главниот штаб за управување со кризи, како оперативно и стручно тело, кое раководи со оперативните активности за справување со настанати несреќи и катастрофи на територијата на Република Македонија, како и со отстранување на предизвиканите штети и последици;
- Обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, што подразбира одржување на постојани комуникации, консултации и размена на информации, заради ефикасна координација во процесот на превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза и да ја загрозат безбедноста на граѓаните, материјалните добра, културните добра, животната средина и безбедноста на Република Македонија;
- Обезбедување континуирана стручна поддршка на Единиците на локалната управа и другите органи и структури на локално ниво преку зајакнување на персоналните, материјално-техничките, организациските и други капацитети на Регионалните центри за управување со кризи.
- Прибирање на податоци и информации во организирана меѓуресорска постапка, нивна анализа и обработка, и нивно соодветно документирање, со цел ажурирање на единствена процена од сите ризици и опасности по безбедноста на државата, општините и градот Скопје, како основа за преземање на соодветни мерки и активности за подготовка на субјектите во Системот за управување со кризи;
- Обезбедување на финансиски средства надвор од буџетот за надградба и одржување на комуникациско-информативен систем со единствен Европски број за итни повици Е-112 (за сите итни состојби) во случај на несреќи и непогоди предизвикани од различни ризици и опасности;
- Воспоставување, усовршување, надградба и одржување на соодветен систем за известување и јавно тревожење на населението и надлежните субјекти во случај на појави кои претставуваат ризици и опасности по животот и здравјето на граѓаните и општата безбедност на државата и можат да предизвикаат криза на одредени делови или кризна состојба во целата Република;
- Соработка со претставници на Организацијата на обединетите нации (ООН),

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Европската унија (ЕУ), НАТО, со странските амбасади во земјата, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и други меѓународни хуманитарни организации, како и со други институции од други држави во чија надлежност е извршување на работи од пошироката обласа на кризниот менаџмент.

- Планирање, подготовка и спроведување на обуки, вежби и други активности за лицата и субјектите кои извршуваат задачи во Центарот и за останатите учесници во системот за управување со кризи;
- Обезбедување транспарентност и градење јавна свест за индивидуалната, колективната и институционалната одговорност за превенција и за соодветно однесување при настанати несреќи и катастрофи;
- Преку спроведување на политиките на Владата, обезбедува подеднаква и рамноправна етничка и родова застапеност во системот за управување со кризи, имплементирајќи ги принципите на родова еднаквост, согласно препораките на меѓународните организации и регулативите на ЕУ,
- Спроведување на правата и обврските на Центарот, предвидени во член 65 од Законот за класифицирани информации, законските прописи донесени од страна на Владата и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации како и ратификуваните меѓународни договори во врска со безбедноста на класифицираните информации во субјектот.
- Соработка, координација и комуникацијата со безбедносните органи и нивните организациони единици во државата, согласно член 3 и 4 од Уредбата за видот на податоците и информациите, како и начинот и постапката за нивното доставување од страна на субјектите кои учествуваат во системот за управување со кризи до Центарот за управување со кризи, за појавите кои можат да предизвикаат кризни состојби.
- Соработка со Регионалните центри за управување со кризи, за безбедносните податоци и информации добиени од системот Е-112, какои и преземените активност од Министерството за внатрешни работи и другите безбедносни органи, а се од значење на Центарот, во смисла на предвиденото во член 37 од Законот за управување со кризи
- Други задачи, обврски и активности на Центарот.

### 1.6. Специфичност на Центарот за управување со кризи

Центарот за управување со кризи (ЦУК), како самостоен орган на државната управа со посебна положба и стратешка функција, извршува функции и работи за остварување на постојана комуникација и координација со субјектите во Системот за управување со кризи (СУК), како и со претставници на меѓународни организации и институции во чија надлежност се работите поврзани со превенција и рано предупредување за сите ризици и опасности, креирање политики, справување и надминување на последици од настанати несреќи и катастрофи.

ЦУК обезбедува целосна организациска, административна и стручна поддршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со СУК.

ЦУК е надлежен за единствениот европски број за итни повици Е-112.

ЦУК е носител на националното координативно тело за имплементација на препораките на НАТО во делот на Градење отпорност, Цивилна подготвеност и Седумте основни побарувања.

Центарот е насочен кон јакнење на капацитетите на СУК , со респектабилни капацитети и способности, втемелен на висока професионалност, посветеност и подготвеност на поединците и субјектите кои го чинат системот, во функција на заштита на добрата, здравјето, безбедноста на граѓаните , безбедна животна и работна средина и услови за економски и социјален просперитет на државата.

## 1.7. Структура на Центарот за управување со кризи

Во Центарот е поставена во сектори и одделенија и претставена на органограмот бр1., според Правилник за Внатрешна Организација во ЦУК бр.01/2124/1 од 05.08.2015, бр.01-2531/1 од 24.06.2021, бр.01-2531/5 од 09.07.2021, бр.01-2531/16 од 13.12.2021, бр. 01-4407/1 од 17.12.2021, и бр.01-1831/1 од 24.07.2023.

**Органограм бр.1: Организациска структура на Центарот за управување со кризи**


ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ОДД. ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ДИРЕКТОР
ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА РАЗВОЈ И КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ОБУКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА УРГЕНТНИ ПОВИЦИ И РАЗВОЈ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА Е-112 ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ОБУКА И РАЗВОЈ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА АНАЛИТИКА И ПРОЦЕНИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА БЕЗБЕДНОСТА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ОДД. ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ, СЛУЖБЕНИЧКИ ОДНОСИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ СВРЗАН СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ
ОДД. ЗА МОТИВАЦИЈА, МЕЃУЧОВЕЧКИ ОДНОСИ, ОЦЕНУВАЊЕ, СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ
СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ, ЗАМЕНИК ДИРЕКТОРОТ И ВЛАДИНИТЕ ТЕЛА ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ОДД. ЗА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ И ЗАМЕНИК ДИРЕКТОРОТ
ОДД. ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И ПРОТОКОЛ
ОДД. ЗА ПОДДРШКА НА Управувачки Комитет, Група за Процена и Главен Штаб
ОДД. ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА СО БЕЗБЕДНОСНИ СЛУЖБИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕДИУМСКА ПРОДУКЦИЈА
СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И МЕДИУМСКА ПРОДУКЦИЈА
ОДД. ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
ОДД. ЗА АРХИВСКИ И ОПШТИ РАБОТИ
ОДД. ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДД. ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
ОДД. ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
ОДД. ЗА СМЕТКОВОДСТВО, ПЛАЌАЊА
ОДД. ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА, ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ПОДДРШКА НА СИСТЕМОТ ЗА ТРЕВОЖЕЊЕ И Е-112
ОДД. ЗА ИНФОРМАТИКА
ОДД. ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ОДД. ЗА БИЛАТЕРАЛНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА
ОДД. ЗА ЕУ, ООН И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ
ОДД. ЗА НАТО И СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
СЕКТОР ЗА ОПЕРАЦИИ И КООРДИНАЦИЈА
ОДД. - ДЕЖУРЕН ОПЕРАТИВЕН ЦЕНТАР (ДОЦ) И КРИПТОЗАШТИТА
ОДД. ЗА ОПЕРАТИВНА КООРДИНАЦИЈА, ПОДГОТОВКИ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО СУК И ЕВИДЕНЦИЈА НА РЕСУРСИ
ОДД. за организирање на систем за командување со инциденти - NIKS
8- ПОДРАЧНИ ОДД. ЗА РЕГИОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА И ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ – РЦУК (СКОПЈЕ, КУМАНОВО, ШТИП, СТРУМИЦА, ВЕЛЕС, БИТОЛА, ОХРИД и ТЕТОВО)
27- ПОДРАЧНИ ОДД. – РЦУК (ЦЕНТАР, КИСЕЛА ВОДА, КАРПОШ, ГАЗИ БАБА, ЧАИР, КРИВА ПАЛАНКА, КРАТОВО, КОЧАНИ, БЕРОВО, ДЕЛЧЕВО, ВИНИЦА, ПРОБИШТИП, РАДОВИШ, ГЕВГЕЛИЈА, ВАЛАНДОВО, КАВАДАРЦИ, НЕГОТИНО, СВЕТИ НИКОЛЕ, ПРИЛЕП, РЕСЕН, ДЕМИР ХИСАР, КРУШЕВО, СТРУГА, КИЧЕВО, ДЕБАР, МАКЕДОНСКИ БРОД И ГОСТИВАР)
СЕКТОР ЗА АНАЛИТИКА ПРОЦЕНИ И СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ
ОДД. ИСТРАЖУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА (ИНДОК)
ОДД. ЗА АНАЛИТИКА И ПРОЦЕНИ
ОДД. ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ
СЕКТОР Е - 112
ОДД. ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОВИЦИ КОН 112
ОДД. ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА Е - 112
СЕКТОР Центар за обука за управување со кризи
СЕКТОР За управување со квалитет

1.8. **Приоритети и цели на Центарот за управување со кризи**

За остварување на своите законски надлежности а во функција на поддршка на стратешките приоритети и цели на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година, Центарот за управување со кризи за период 2023– 2025 година има утврдено 3 (три) приоритети за чие спроведување се утврдени 14 (четиринаесет) цели:

**Приоритет : Современа администрација, дигитализирани услуги. Граѓанинот на прво место**

**Приоритетна цел:**

1. Имплементација на новата Уредба за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената
2. Извршување на обука за обучувачи и корисници на надградениот МКФФИС со модулите кои произлегуваат од Еко-ДРР проектот
3. Имплементација на планираните проектни активности од проектот за Еко- базирани решенија во намалување на ризици од катастрофи (ECO-DRR)
4. Во јуни 2023 година, извршена и прифатена измена и дополна на Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности, нејзина содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената.
5. Реализирани се активности за соработка во рамките на проектот за "Подобрување на отпорноста од поплави во полошкиот регион" (Improving Resilience to Floods in the Polog Region), имплементиран од страна на Програмата за развој на обединетите нации (УНДП) а во согласност со измената на Уредбата.
6. Врз основа на спроведените анализи и оцена на состојбата и достигнувањата во областа на законските надлежности поврзани со превенцијата и процената на ризици во Центарот за управување со кризи (ЦУК), активност која беше спроведена од страна на стручен консултант од Агенцијата за соработка и развој на Швајцарија (СДЦ), како донатор на проектот "Improving Resilience to Floods in the Polog Region", кој се имплементира од страна на УНДП, ЦУК е вклучен во овој проект, како носител на активностите за Системот за управување со кризи, во кој се вклучени и други субјекти од системот како УХМР, ДЗС и посебно Единиците на локалната самоуправа од Полошкиот регион а се однесува на однесува на експертска анализа на содржината на текстот на постоечката Уредба со цел да се предложат конкретни измени кои ќе бидат во согласност со меѓународните стандарди, како и обврските кои произлегуваат од соодветните директиви и насоки на ЕУ
7. Поддршката на процесот на ажурирање на уредбата посебно се однесуваше и на организација на 8 наменски работилнци на регионално-локално ниво (Охрид, Битола, Штип, Струмица, Тетово, Велес,, Куманово и Скопје).Со обуките беа опфатени вкупно 116 вработени од ЦУК од кои родово застапени беа 29 жени ( раководители вкупно 7, советници вкупно 21, 1 соработник ) и 87 мажи ( раководители вкупно 27, советници вкупно 52 и 8 соработници ).
8. Целта на активностите за измена е да се овозможи квалитативно подобрување на

структурата и содржината на Методологијата, да се усогласи со насоките и добрите практики од релевантните меѓунардони иницијативи, со процесот на дигитализација и мапирање на ризици и примена на информатички технологии, да се обезбедат јавно-достапни информации за институциите како и транспарентност кон јавноста и заинтересираните страни во однос на содржината од процените за подрачјата на општините, градот Скопје и Републиката, но и да се спроведат административни усогласувања во однос на промената на уставното име на Републиката и промени во други прописи.

9. Комуникација и координација со субјектите во СУК во справување со прогласени кризни состојби,
10. Воспоставување на целосно функционален систем за известување и тревожење како дел од сегментот за рано предупредување.
11. Надградба на системот Е-112 со втора фаза која подразбира целосно заокружување на Европската регулатива со овој број, со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија во која се очекува голема опасност.
12. Модернизција на постоечкиот УКБ радио систем за известување кој ќе биде во поддршка и на Е-112 и на системот за јавно тревожење со што ќе се заокружи комплетното потребно телекомуникациско решение на ЦУК.
13. Целосна функционалност на Секторот- Центар за обука, во рамки на Центарот за управување со кризи, кој ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и сите учесници во Системот за управување со кризи, со цел подигање на нивната обученост, знаење и вештини за извршување на секојдневните задачи.
14. Отворање на канцеларии во ТПЦ Винојуг - Гевгелија и ТПЦ Табановце - Куманово како специјализирани центри - сервиси за жени жртви на родово базирано насилство.

**Приоритет: Интеграции, НАТО и ЕУ**

**Приоритетна цел:** Континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори во сите сфери со Организацијата на Обединетите нации (ООН), Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), соработка со НАТО структурите во Брисел и НАТО центрите на други држави, Европската унија (ЕУ), како и со странските амбасади и меѓународни претставници во земјата. Центарот соработува и со Меѓународниот комитет на Црвениот крст и со Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и други меѓународни хуманитарни организации.

**Приоритет: Справување со дезинформации**

**Приоритетна цел:**

1. Надградба на ВЕБ страната на ЦУК и сите други медиумски платформи, опремување со современа дигитална видео, аудио и фото опрема, со што ќе се овозможи намалување на импликациите предизвикани од дезинформации во јавноста.
2. Одржување на прес конференции, брифинзи заради точност, вистинитост на податоците за навремено информирање на јавноста;

## 1.9 Осврт на постигнатите резултати во 2023 година.

Целосно ангажирање на органите и телата во системот за управување со кризи и на Центарот за управување со кризи како носител на вкупната поддршка (стручна, организациона, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена во услови на:

- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението
- Кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија (Делчево и К.Паланка)
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево, Општина Крива Паланка и на дел од територијата на Општина Ранковце, с.Герман, заради поплави и справување со последиците од нив.
- Кризна состојба заради поплави на дел од територијата на РСМ (с.Герман)

Центарот за управување со кризи за времетраењето на кризните состојби превзема мерки и активности согласно Законот за управување со крзи, а првенствено на:

- Обезбедување на административна и техничка поддршка при организација на одржување на седници на **Управувачки комитет за одржани 7 седници.**
- Обезбедување на административно-стручна поддршка при организација на одржување на седници на **Група за процена за одржани 11 седници.**
- Обезбедување на административно-стручна поддршка при организација на одржување на седници **на Главен Штаб за одржани 9 седници**.
- Координација со активностите во текот на справувањето со кризната состојба, преку изработка на акциски планови и контрола на спроведување;
- Редовни неделни известувања за преземените активности во врска со одлуките за кризна состојба ( согласно член 31 од Законот за управување со кризи );
- Изработка на извештаи за завршувањето на кризната состојба ( согласно член 31 од Законот за управување со кризи );
- Доставување на редовни, дневни известувања за состојбата со пандемијата од

заразната болест COVID -19, предизвикана од вирусот SARS-COV-2 ;

- Постојано следење на состојбите во времетраењето на кризните состојби;
- Координација за обезбедување на потребна меѓународна помош;
- Информациско-документаристичка обработка на податоци за предизвикани штети, ангажирани сили и ресурси, трошоци на субјектите во СУК и сл.

**1.9.1. Во рамки на стратешката програма „ Управување со кризи“, постигнати се следниве резултати:**

Во рамки на стратешката програма „ **Стручно-специјализирани обуки и вежби за управување со кризи**“ постигнати се следниве резултати:

Согласно обврските и надлежностите преземени со своето основање како самостоен орган на државна управа, Центарот за управување со кризи е носител на активностите од соработката со НАТО – RC (Комитет за отпорност). Истовремено е и национална точка за контакт за размена на информации со Центарот на НАТО за справување со катастрофи и вонредни состојби (EADRCC).

- Центарот за управување со кризи, како носител на национално координативно тело за имплементација на препораките на НАТО во делот на Градење отпорност - Цивилна подготвеност и Седумте основни побарувања, во текот на 2023 година реализираше координативни состаноци со претставници на институции носители и соработници поделени согласно линиите на отпорност за воспоставување поефикасна комуникација и размена на информации.
- Назначување на Директорот на Центарот за управување со кризи во улога на висок претставник на годишните состаноци на НАТО Комитетот за отпорност со цел координација и известување за националните напори за имплементација на основните барања, стратегиски цели за градење отпорност и национални оперативни цели.

  Назначување на Директорот на Центарот за управување со кризи како политички директор во НАТО Комитетот за отпорност со задача да учествува во работата на пленарните сесии и ќе ја претставува Република Северна Македонија.
- Номинирани национални контакт точки/цивилни експерти во НАТО работни групи при НАТО Комитетот за отпорност со цел активно учество и застапување на националните ставови на Република Северна Македонија согласно нивните наделжности:

- **Група за цивилна заштита;**
- **Група за планирање во делот на енергетика;**
- **Група за планирање во делот на храна и земјоделство;**
- **Здружена група за здравство;**
- **Група за транспорт;**
- **Подгрупа за цивилно воздухопловство;**
- **Група за планирање во делот на цивилна комуникација.**

- Во насока на пополнување на документот „Преглед на планирање на одбранбени способности 2023 (Defence Planning Capability Survey - DPCS 2023)“, Центарот за управување со кризи согласно горенаведените заклучоци во текот на месец мај 2023

година ги координираше активностите во делот на цивилната подготвеност со цел обезбедување на бараните податоци од надлежните институции согласно насоките и методологијата за пополнување на Прегледот на планирање на одбранбени способности (DPCS 2023).

- Во рамки на билатералната соработка помеѓу Министерството за одбрана и САД се реализираше НАТО работилница за градење отпорност (NATO Resilience WS). За време на настанот Центарот за управување со кризи, беше во улога на координатор на работни групи согласно линиите на отпорност:

1. Континуитет на Влада и критични услуги;
2. Справување со неконтролирано движење на луѓе;
3. Справување со масовни жртви;
4. Отпорност на системи за снабдување со електрична енергија и енергенси;
5. Отпорност на системи за снабдување со храна и вода;
6. Отпорност на транспортни системи;
7. Отпорност на комуникациски системи.

Во текот на 2023 година упатено е лице (согласно одлука број 04-3306/6 од 30.11.2022 година) од Центарот за управување со кризи во **Постојана делгација на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел** со цел активно учество во работата на НАТО комитетите и работните групи и поефикасна комуникација, координација и размена на иформации од областа на Цивилната подготвеност.

Координација и организациско – административни подготовки за службени патувања во странство. Во текот на 2023 година реализирани се патувања надвор од земјата соодветно според потребите.

Проект МКFFIS „ Македонски информативен систем за шумски пожари

Во периодот од 20.03.2023 до 26.05.2023 Секторот за аналитика процени и стратешко планирање реализираше тренинг работилници-обуки за надградената верзија на Македонскиот информациски систем за рано предупредување од пожари (МКФФИС -V.3.5), во соработка со Јапонската агенција за меѓународна соработка JICA.

- Обука за тренери 20.03.2023 – 24.3.2023;
- Обука за корисници – Скопје, 30.03.2023-31.03.2023;
- Обука за корисници – Куманово, 04.04.2023 – 05.04.2023;
- Обука за корисници – Битола, 12.04.2023 – 13.04.2023;
- Обука за корисници – Охрид, 25.05.2023 – 26.05.2023;
- Обука за корисници – Струмица, 10.05.2023 – 11.05.2023;
- Обука за корисници – Штип, 17.05.2023 – 18.05.2023;
- Обука за корисници – Велес, 22.05.2023 – 23.05.2023;
- Обука за корисници 25.05.2023 -26.03.2023;

Обуките ги комплетираа вкупно 199 лица од следните институции: ЦУК, ЈП Национални Шуми и нивните подружници, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Бригада за противпожарна заштита – Скопје,Територијалните противпожарни бригади на наведените градови, Министерство за одбрана, Дирекција за заштита и спасување, спомenатите општински служби, Национален парк

"Галичица", Црвен Крст, ЈП Исар -Штип, Министерството за внатрешни работи, НП "Шар Планина", комунални претпријатија на наведените градови.

За успешно спроведување на аранжманите од обуката целокупната обука беа потрошени приближно 300.000 денари.

**Проект ECO-DRR „Еко - базирани решенија во намалување на ризици од катастрофи"**

- Спроведен планот за проектните активности и координацијата; и
- Одржани редовни состаноци преку online платформа.

**Проект (CRISIS)** - Имплементација на планираните проектни активности од проектот "Сеопфатна процена на ризик на основните сервиси и транспортната инфраструктура - (Comprehensive RISK assessment of basic services and transport Infrastructure (CRISIS) со УКИМ-ИЗЗИС и сродни институции од Италија, Грција и Албанија.

- Поддршката на процесот на ажурирање на уредбата посебно се однесуваше и на организација на 8 наменски работилнци на регионално-локално ниво (Охрид, Битола, Штип, Струмица, Тетово, Велес,, Куманово и Скопје).Со обуките беа опфатени вкупно 116 вработени од ЦУК од кои родово застапени беа 29 жени ( раководители вкупно 7, советници вкупно 21, 1 соработник ) и 87 мажи ( раководители вкупно 27, советници вкупно 52 и 8 соработници ).

**Центар за обука**

Завршени градежни активности за реконструкција и адаптација на Центарот за обука за управување со кризи во Куманово која е донација од Амбасадата на САД согласно склучен Договор за донација во износ од 525.880,91 долари.

**Имплементација на IPA CBC проект еФИДАР**

- Набавено теренско возило со ИКТ опрема за ноќни операции, во употреба на ПО РЦУК-Струмица, со цел за рано предупредување и превенција од пожари на отворен простор воедно истиот е планиран да биде поврзан со контејнерот- командниот центар во Струмица.
- Одржана обука за користење на дронови обезбедени од проектот.
- Одржана обука во Солун Р.Грција, за презентација и користење на сите средтва кои се набавенби со проектот.
- Учество на завршна конференција на проектот во Солун Р.Грција.

**1.9.2. Развојна програма – Единствен комуникациско информациски систем**
**Потпрограма – Единствен број на повикување Е - 112**

Во рамките на оваа програма во периодот од 01.01.2023 година реализирани се следните активности:

- Организирање и реализирање на периодични дообуки за операторите на Системот Е-112 (Life 1st) од Центарот за управување со кризи и специјалисти од останатите институции (МВР, ИМП и ТППЕ).

- Организирање и реализирање на обука за постапките за утврдување на локацијата примена од паметните телефони кои детектираат опасност кога учествуваат во сообраќајни несреќи и испраќаат порака на системот 112.
- Обука за следење/мониторирање на резервното напојување и УПС на Системот Е-112 (Life 1st) во Центарот за управување со кризи.
- Обука на операторите за развивање на комуникациските вештини во реализирањето на итните повици
- Обука на операторите од областа на психосоцијалната поддршка за спавување со стресни ситуации при одговор на повиците
- Обука за примена на стандарди за квалитет, протоколи и време на одговор во реализирањето на итните повици.
- Обука на операторите од МВР 192 Велес, Куманово и Струмица за работа при пренасочување на повиците од 192 кон 112
- Пренасочување на телефонскиот број за итни повици на МВР 192 во Велес кон 112. (На 18.10.2023 година).
- Пренасочување на телефонскиот број за итни повици на МВР 192 во Куманово кон 112. (На 12.12.2023 година).
- - Пренасочување на телефонскиот број за итни повици на МВР 192 во Струмица кон 112. (На 18.12.2023 година).
- Изработка на оперативни постапки за координација и постапување во системот е-112 помеѓу операторите на е-112 и МВР 192 за оперативните центри за итни повици во Велес, Куманово, Струмица и Штип.
- Изработка на оперативни постапки за постапување полициските PolSup на МВР 192 во оперативните центри за итни повици во Велес, Куманово, Струмица и Штип.
- Изработка на Упатство за мониторирање и користење на резервно напојување во Сектор Е-112

## СТАТИСТИКА НА ПОВИЦИ

- Вкупен број на повици за периодот: ГОДИШНА СТАТИСТИКА за 2023 година: 663808.
    - Реални повици: 287796 повици (43.36%)
    - Останати повици: 376012 повици (56.64%)

### ПРИМЕНИ ПОВИЦИ ОД:

a) Мобилен телефон: 497777 повици
b) Фиксен телефон: 7013 повици
c) eCall: 3690 повици
d) СМС: 1325 пораки
e) Странски броеви: 13039 повици
f) Без СИМ картица: 140964 повици

1.10. Осврт на постигнатите резултати до 30.06.2024 година.

**Во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година, Центарот за управување со кризи функционираше во услови на:**

- Постоење кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата ;
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението
- Кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија

Центарот за управување со кризи за времетраењето на кризните состојби превзема мерки активности согласно Законот за управување со крзи, а првенствено на:

- Обезбедување на административна и техничка поддршка при организација на одржување на седници на **Управувачки комитет за одржани 10 седници.**
- Обезбедување на административно-стручна поддршка при организација на одржување на седници на **Група за процена за одржани 8 седници.**
- Обезбедување на административно-стручна поддршка при организација на одржување на седници **на Главен Штаб за одржани 34 седници.**

- Координација и постојано следење на состојбите во времетраењето на кризните состојби;
- Со активностите во текот на справувањето со кризната состојба, преку изработка на акциски планови и контрола на спроведување;
- Редовни неделни известувања за преземените активности во врска со одлуките за кризна состојба (согласно член 31 од Законот за управување со кризи);
- Изработка на извештаи за завршувањето на кризната состојба (согласно член 31 од Законот за управување со кризи);
- Координација за обезбедување на потребна меѓународна помош;
- Информациско-документаристичка обработка на податоци за предизвикани штети, ангажирани сили и ресурси, трошоци на субјектите во СУК и сл.

**1.10.1. Програма „ Управување со кризи “**

Во <u>2024</u> година беа реализирани две меѓуресорски работилници за градење отпорност –на 18-21 март во Скопје и една виртуелна (онлајн) работилница на 11-13 јуни.

Во периодот од мај до јули 2024 година (23 мај, 2 јули и 24 јули) беа одржани три онлајн состаноци со претставници на националните институции кои се носители на линиите на отпорност, претставници на ЦУК и МО/Армија, како и учесници од САД:

Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 9 јануари 2024 година,

донесе Одлука за формирање Совет за координација на активностите поврзани со членството на Република Северна Македонија во НАТО и Работен комитет за координација на активностите поврзани со членството во НАТО.

Директорот на Центарот за управување со кризи е член на Советот, а Центарот има претставници и во Работниот комитет при Советот (член и заменик член).

Директорот и претставниците на Центарот од февруари 2024 година редовно учествуваат на состаноците на Советот односно Работниот комитет.

- Реализирана е активност "Да ги направиме градовите отпорни 2030" (Making Cities Resilient 2030 (MCR2030) претставува иницијатива за подобрување на локалната отпорност преку активности и мерки за споделување на знаења и искуства, воспоставување на мрежи за соработка, обезбедување на техничка и експертска поддршка, поврзување на релевантните служби од од централната и локалната власт, градење на партнерства за соработка, како и други активности за намалување на ризиците од катастрофи кои имаат негативни влијанија за животот и здравјето на граѓаните, материјалните добра, инфраструктурата и економскиот развој на општините.
- Препознавајќи ги овие можности и придобивки, општините Гази Баба, Ѓорче Петров и Охрид се првите 3 општини кои во соработка со Центарот за управување со кризи превземаа конкретни чекори за приклучување на оваа иницијатива. За таа цел на 9 и 10 јуни 2024 година, со поддршка на УНДРР (Канцеларијата на Обидинетите нации за намалување на ризици од катастрофи за Европа и Централна Азија) беа одржани наменски работилници со претставници од соодветните служби во рамките на општините Гази Баба, Ѓорче Петров и Охрид, претставници од Центарот за управување со кризи и тематски експерт од УНДРР. Цел е да се согледа капацитетот и моменталните состојби на општината за исполнување на кретириумите и очекувањата од оваа Иницијатива.
- Изготвен е опширен Извештај кој ги опфаќа сите тематски области кои беа предмет на анализа и евалуација и дадени сесоодветни препораки кои во наредниот период треба да се претворат во конкретни активности и да се постигнат видливи резултати.
- Со оваа реализација на активности општините Гази Баба, Ѓорче Петров и Охрид изразија подготвеност да се приклучат кон оваа иницијатива и практично се првите општини од Републиката кои официјално се приклучија на оваа глобална акција и со тоа заслужено се најдоа на објавените вести на Веб страната на УНДРР (North Macedonia take steps to enter the 2030s with greater resilience | UNDRR)
- Подготовка на ИПА Годишниот извештај за спроведување на 2023 година, 15 јануари 2024 година;
- Сеопфатна развојна обука за градење на капацитетите на институциите вклучени во процесите на НАТО, усогласена со НАТО стандардите „Безбедност преку заедништво"– Модул III (напредно ниво), 15-16 јануари 2024 година, МНР – Скопје;
- Доставување материјал за придонес за ИПА Годишниот извештај за спроведување на 2023 година, 08 февруари 2024 година;
- Координативен состанок за реализација на Модул II од Курсот за цивилно-воено управување со кризи, Скопје, 12 февруари 2024 година;

- Координација за реализирање на официјална посета на претставници од Шведската амбасада на ЦУК, 27 февруари 2024 година;
- Пленарна сесија на НАТО Комитетот за отпорност на ниво на политички директори, 27-28.02.2024 година, Брисел, Белгија;
- Главна планирачка конференција за НАТО вежбата CMX25, 04-06 март 2024 година, Брисел, Белгија;
- Семинар на Групата за цивилна заштита (CPG) при НАТО Комитетот за отпорност, 04-07 март 2024 година, Стокхолм, Шведска;
- Регионална иницијатива за соработка за нуклеарна безбедност, 25-28 март 2024 година, Загреб, Р. Хрватска;
- Обука за климатски промени и родова еднаквост, УНДП Скопје, 27 март 2024 година;
- Координативен состанок за реализација на Модул II од Курсот за цивилно-воено управување со кризи, ЦУК, 28 март 2024 година;
- Доставување материјал за напредок за подготовка на Годишниот извештај на Европската Комисија – Поглавје Животна средина, 09 април 2024 година;
- Меѓународен курс за цивилно-воено управување со кризи (CMCMC23) – Модул II, 15-19 април 2024 година, Скопје;
- Годишен регионален форум за анализа на закани и ризици од оружје за масовно уништување, 15-19 април 2024 година, Сараево, БиХ
- Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2024) – Модул I, 22-26 април 2024 година, Виена, Австрија;
- ЕЕНА Конференција за Е112 број за итни повици, 23-26 април 2024 година, Валенсија, Шпанија;
- Програма за отпорност на ниво на високи национални претставници во НАТО Комитетот за градење отпорност, 09-10.05.2024 година, Вашингтон, САД;
- Посета на делегација од сродни институции од Р. Косово на Сектор 112, Скопје, 13 мај 2024 година;
- Состанок во рамките на регионалната соработка со JICA, 28 мај 2024 година, Приштина, Република Косово;
- Состанок со потенцијални обучувачи/експерти во области поврзани со идните обуки за стабилизација и реконструкција, во насока на реализација на активностите поврзани со имплементација на НАТО Цел на способност S-1106, ЦО "Д-р Џозеф Крузел", Скопје, 30 мај 2024 година.
- Работна средба со претставници од Министерство за енергетика на САД, Национална управа за нуклеарна безбедност за продлабочување на понатамошната заедничка соработка и согледување на потребите на институциите во СУК и надлежните субјекти за радијациона и нуклеарна безбедност во РСМ.

Во првата половина на 2024 година, реализирани се вкупно 11 службени патувања во странство на претставници на Центарот.

**Имплементација на IPA CBC проект еФИДАР**

Завршени се административните обврски за затворање на ЕУ проектот eFIDAR.

**Проект (CRISIS)**

Дисеминација на проектни активности и резултати од проектот КРИЗИ

- ЦУК, како носител на национално координативно тело за имплементација на препораките на НАТО во делот на Градење отпорност - Цивилна подготвеност и Седумте основни побарувања, реализираше состаноци со претставници на институции носители и соработници поделени согласно линиите на отпорност за воспоставување поефикасна комуникација и размена на информации, и врши подготовки за реализација на НАТО Експертски консултации за градење отпорност кои ќе се одржат во септември 2024 година во Скопје
- Учество во Работни групи за подготовка на преговарачки позиции за преговори за пристапување на РСМ во ЕУ за Поглавје 27: Животна средина / Цивилна заштита и Поглавје 30: Хуманитарна помош
- Учество во работата на "Поткомитет за животна средина, транспорт, енергетика и регионална политика"во делот Цивилна заштита
- Реализирани се активности поврзани со иницијативата за подобрување на локалната отпорност "Да ги направиме градовите отпорни 2030" (Making Cities Resilient 2030 - MCR2030) со поддршка на УНДРР, споделување на знаења и искуства, воспоставување на мрежи за соработка со општините

Реализирани се активности за соработка во рамките на проектот за "Подобрување на отпорноста од поплави во полошкиот регион" (Improving Resilience to Floods in the Polog Region), имплементиран од страна на Програмата за развој на обединетите нации (УНДП) а во согласност со измената на Уредбата.

Врз основа на спроведените анализи и оцена на состојбата и достигнувањата во областа на законските надлежности поврзани со превенцијата и процената на ризици во Центарот за управување со кризи (ЦУК), активност која беше спроведена од страна на стручен консултант од Агенцијата за соработка и развој на Швајцарија (СДЦ), како донатор на проектот "Improving Resilience to Floods in the Polog Region", кој се имплементира од страна на УНДП, ЦУК е вклучен во овој проект, како носител на активностите за Системот за управување со кризи, во кој се вклучени и други субјекти од системот како УХМР, ДЗС и посебно Единиците на локалната самоуправа од Полошкиот регион а се однесува на однесува на експертска анализа на содржината на текстот на постоечката Уредба со цел да се предложат конкретни измени кои ќе бидат во согласност со меѓународните стандарди, како и обврските кои произлегуваат од соодветните директиви и насоки на ЕУ

Поддршката на процесот на ажурирање на уредбата посебно се однесуваше и на организација на 8 наменски работилнци на регионално-локално ниво (Охрид, Битола, Штип, Струмица, Тетово, Велес,, Куманово и Скопје).Со обуките беа опфатени вкупно 116 вработени од ЦУК од кои родово застапени беа 29 жени ( раководители вкупно 7, советници вкупно 21, 1

соработник ) и 87 мажи ( раководители вкупно 27, советници вкупно 52 и 8 соработници ).

- Целта на активностите за измена е да се овозможи квалитативно подобрување на структурата и содржината на Методологијата, да се усогласи со насоките и добрите практики од релевантните меѓунардони иницијативи, со процесот на дигитализација и мапирање на ризици и примена на информатички технологии, да се обезбедат јавно-достапни информации за институциите како и транспарентност кон јавноста и заинтересираните страни во однос на содржината од процените за подрачјата на општините, градот Скопје и Републиката, но и да се спроведат административни усогласувања во однос на промената на уставното име на Републиката и промени во други прописи.

**Центар за обука**

- Во мај, 2023 година, е завршена реконструкцијата на зградата која е наменета за Центарот за обука во Куманово.

**Имплементација на IPA CBC проект еФИДАР**

- Набавено теренско возило со ИКТ опрема за ноќни операции, во употреба на ПО РЦУК-Струмица, со цел за рано предупредување и превенција од пожари на отворен простор воедно истиот е планиран да биде поврзан со контејнерот- командниот центар во Струмица.
- Одржана обука за користење на дронови обезбедени од проектот.
- Одржана обука во Солун Р.Грција, за презентација и користење на сите средтва кои се набавенби со проектот.
- Учество на завршна конференција на проектот во Солун Р.Грција.

**1.10.2. Развојна програма – Единствен комуникациско информациски систем**
**Потпрограма – Единствен број на повикување Е – 112**

Организирање и реализирање на периодична дообука за оператори на Системот Е-112 (Life 1st) од Центарот за управување со кризи.

- Периодична дообука за употреба на апликацијата BI na Microsoft за изработка на анализи и статистики на повиците.
- Обука за примена на стандарди за квалитет, протоколи и време на одговор во реализирањето на итните повици -
- Обезбедување на поддршка и обука на операторите на 192 од МВР кои повиците ги примаат преку Системот 112.
- Вкупен број на повици за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2024
  1. Вкупен број на повици: **344353.**
  2. „Реални“ повици: **173218 или 50.30%.**
  3. Останати: **171135 или 49,70%.**
- Преглед на испратени ПЗУ до второстепена агенција (Полиција, ИМП, БППЗ, ЦУК):
  1. ПОЛ – 7112 ПЗУ или 37.28%
  2. ИМП – 10022 ПЗУ или 52.53%
  3. ППЗ – 934 ПЗУ или 4.90%
  4. ЦУК – 1011 ПЗУ или 5.30%

1.11. Очекувани резултати до крајот на 2024 година.

1.11.1. Во рамки на стратешката програма **Управување со кризи, потпрограма Стручно специјализирани обуки и вежби за управување со кризи**, очекуваме да се реализираат следните проектни активности:

- Административно-организациски подготовки за учество на специјализирани обуки,вежби и конференции во странство.
- **Имплементација на новата Уредба за Методологијата за изработка на Проценатa** на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената од страна на Владата и ЦУК.
- **Зајакнување на капацитетите на MKFFIS и реализација на неопходни обуки до крајот на 2024.**
- **Проект ECO-DRR „Еко - базирани решенија во намалување на ризици од катастрофи“** Целосна реализација на пост-проектните активности за 2024година.
- **Проект (CRISIS)** – Дисеминација на проектните активности и резултати од проектни активности од проектот "Сеопфатна процена на ризик на основните сервиси и транспортната инфраструктура - (Comprehensive RISK assessment of basic services and transport Infrastructure (CRISIS) со УКИМ-ИЗЗИС и сродни институции од Италија, Грција и Албанија.
- НАТО Експертски консултации за градење отпорност со тим од НАТО, Скопје (ЦУК), 25-26 септември 2024
- Меѓуресорска работилница за градење отпорност / штабна вежба (TTX), Скопје, октомври/ноември 2024
  - подготвителни онлајн состаноци за работилницата / штабната вежба
- Состанок на ниво на високи национални претставници за отпорност, Брисел, Белгија – есен 2024
- Состанок на ниво на политички директори во НАТО Комитетот за градење отпорност – есен 2024
- Пленарен состанок на Групата за цивилна заштита (CPG) при НАТО Комитетот за отпорност, Брисел, Белгија – октомври 2024
- НАТО Симпозиум за отпорност, Братислава, Словачка, 11-13 ноември 2024
- Состанок на НАТО Комитетот за отпорност (RC Away Day), Хаг, Холандија, 12-13 декември 2024
- Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2024) – Модул II, Скопје, 16-20 септември 2024 година
- Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2024) – Модул III, Белград, Србија, 7-11 октомври 2024 година
- Алумни настан - Регионален курс за стратешко лидерство (RSLC 2023), Белград, Србија, октомври 2024 година
- Регионален курс за цивилно-воено управување со кризи (CMCMC 2024) – Модул I, Винер Нојштат, Австрија, 04-08 ноември 2024 година

- Втора координативна конференција за НАТО вежбата CMX25 (ECC-2), Брисел, Белгија, 1-4 октомври 2024 година
- Финална планирачка конференција за НАТО вежбата CMX25, ноември 2024 година
- Обука за стабилизација и реконструкција, со обучувачи од Центарот за студии за постконфликтни операции од Торино, Скопје, 15-17 октомври 2024 година.
- Успешна реализација на конференција во рамки на А5 - САД – Јадранска повелба „ Градење на отпорност со цел поефикасно справување со природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човек" во период од 25-27.10.2023 година (Скопје).
- Упатување на претставник од ЦУК на стручно усовршување на Кјото универзитетот од областа на превенција во рамки на програмата за развојни студии „SDG's Global Leader 2023" на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).
- Во рамки на билатералната соработка помеѓу Министерството за одбрана и САД, како продолжение на активностите произлезени од реализираната НАТО работилница за градење отпорност (NATO Resilience WS) во јуни 2023 година, планирана е работилница што ќе се реализира во октомври 2023 година. На настанот Центарот за управување со кризи ќе ја има улогата на координатор на работните групи согласно седумте линии на отпорност.
- На 17-18 октомври 2023 година во Скопје ќе се реализираат Билатерални консултации со НАТО. Во насока на навремена стручна подготовка на билатералните консултации во периодот од август до почетокот на билатералните консултации ќе се организираат повеќе координативни состаноци со номинираните претставници од институциите кои ќе земат учество на настанот.

1.11.2. Во рамки на **Развојната програма – Единствен комуникациско информациски систем, Потпрограма – Единствен број на повикување Е – 112,** очекуваме да се реализираат следните проектни активности:

- Организација и реализација на потребни обуки со персоналот
- Очекуваниот број на повици сметаме дека ќе биде во рамките на досегашниот месечен просек
- Пренасочување на преостанатите оперативни центри на МВР 192 (Битола, Охрид и Скопје) кон Системот Е-112.

## 1.12 . ПРОГРАМИ

Центарот за управување со кризи во периодот 2025-2027 година ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата и своите стратешки приоритети и цели.

Нацрт стратешкиот план на Центарот за управување со кризи, за наредниот планирачки циклус 2025-2027 година, содржи 1 програма, која има континуит од минатата година. Програмата е разработена во потпрограми, во кои се опфатени проекти, мерки и активности, произлезени од мисијата на Центарот за управување со кризи.

Стратешкиот план ги содржи следнава програма и 3 потпрограми:

### 1.12.1. УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Оваа програма ги опфаќа главните активности (основното работење и функционирање) на ЦУК кои се извршуваат согласно законски регулираните надлежности и ги вклучува активностите за изградба и развивање на капацитетите и способностите на Системот за управување со кризи и активностите за унапредување на меѓународната соработка (билатерална, регионална и меѓународна соработка со надлежните тела и структури на ООН, НАТО, ЕУ).

I. **Потпрограма – Јакнење на капацитети на ЦУК и СУК**

II. **Потпрограма - Меѓународна соработка**

III. **Потпрограма Надградба на системот за итни повици Е-112**

## 1.12.1. СТРАТЕШКА ПРОГРАМА „ УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ “

## ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ПРОГРАМА

| А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМАТА |
|---|
| **Образложение: – Програмата „ Управување со кризи “** произлегува од стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, во 2024 година:<br><br>1. **Приоритет**: Модернизација и јакнење на капацитетите и способностите на Центарот за управување со кризи.<br>**Цел**: Модернизација и надградба на системите за известување и тревожење<br><br>• Целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи<br>• Зајакнување на човечките капацитети на Центарот за управување со кризи<br>• Јакнење на сајбер безбедноста и отпорноста на Центарот за управување со кризи<br><br>2. **Приоритет:** Унапредување на политиките на Центарот за управување со кризи во функција на безбедноста на граѓаните **Цел:**<br>• Ефективно и ефикасно креирање системски политики во управувањето со кризи<br>• Исполнување на национални обврски кои произлегуваат од членството во НАТО и процесот на пристапување кон ЕУ<br>• Зајакнување на позицијата на Центарот за управување со кризи на меѓународен план. |
| 2. НПАА ( точно идентификување и поврзување со поглавјата и целите од програмата за членство во НАТО и ЕУ )<br><br>— Поглавје 27 - Животна средина<br>— Поглавје 31 – Надворешна, безбедносна и одбранбена политика |
| **1.Стратешкиот приоритет на Центарот за управување со кризи**<br><br>Модернизација и јакнење на капацитетите и способностите на Центарот за управување со кризи, во насока на остварување на стратешкиот приоритет и цели на Владата на РСМ за "обновување на довербатата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото", стратешкиот приоритет и цели за "унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независнота, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес" и стратешкиот приоритет и цели за "професионална и ефикасна јавна администрација развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелигенција, иновациите и стартап екосистем". Унапредување на политиките на Центарот за управување со кризи во функција на безбедноста на граѓаните, во насока на остварување на стратешкиот приоритет и цели на Владата на РСМ за "обновување на довербатата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото", стратешкиот приоритет и цели за "унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независнота, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес" и стратешкиот приоритет и цели за "интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија" |

**Приоритетна цел на Центарот за управување со кризи**

Воспоставување на целосно функционален систем за известување и тревожење преку

- Модернизација на системот за јавно тревожење
- Модернизација на постоечкиот УКБ радио систем за известување и
- Надградба на Е-112 системот

Овозможување целосна дигитализација на активностите во рамките на СУК, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување преку продолжување со активности за проширување и надградба на Македонски информативен систем за шумски пожари (МКФФИС) и овозможување функционална и надградена веб платформа "Е-процена"

Надградба на посточките и набавка на нови апликативни решенија во Центарот за управување со кризи за унапредување на дигитализацијата и автоматизацијата на работата со електронски документи и поврзување и комуникација на институции по електронски пат

Вработување на стручен, професионален и департизиран кадар

Обезбедување континуирано професионално и стручно усовршување и обучување на вработените на Центарот за управување со кризи

Воспоставување и функционалност на Центар за обука за управување со кризи, во рамки на Центарот за управување со кризи, кој ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и сите учесници во Системот за управување со кризи, со цел подигање на нивната обученост, знаење и вештини за извршување на секојдневните задачи

Набавка на безбедносен хардвер и софтвер за обезбедување целосна сајбер безбедност и отпорност на Центарот за управување со кризи

Креирање политики за ефикасна и ефективна комуникација и координација со субјектите во СУК во справување со прогласена кризна состојба

Имплементација на Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности, нејзина содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената

Имплементација на препораките на НАТО во делот на Градење отпорност, Цивилна подготвеност и Седумте основни побарувања и соработка со НАТО структурите во Брисел и НАТО центрите на други држави

Учество во воспоставените форми на меѓусебна размена и соработка со институциите на Европската Унија

Унапредување на билатералната и регионалната соработка на ЦУК

Континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори со Организацијата на Обединетите нации (ООН); Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ); Меѓународниот комитет на Црвениот крст и со Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и други меѓународни хуманитарни организации; како и други организации и институции поврзани со превенција и рано предупредување за различни ризици и опасности, и справување и надминување на последици од настанати несреќи и катастрофи

| | |
|---|---|
| **Показатели на успешност:**<br>- Јакнење, подобрување и унапредување на институционални и административни капацитети во Центарот за управување со кризи<br>- Унапредување на меѓународна соработка на ЦУК со меѓународни организации и сродни институции.<br>- Воспоставен функционален систем за итни повици Е-112, со планираните активности со интеграција со другите системи и броеви за итни повици<br>- Обезбеден континуитет во меѓуресорската соработка со субјектите на СУК во делот на проценка на загрозеноста на безбедноста на општините и републиката од сите ризици и опасности во делот на рано предупредување преку МКФФИС. | |
| **Програмата е: хоризонтална** | |
| **Компоненти на стратешка потпрограмата и очекувани резултати** | |
| **Центар за обука**<br>Целосна функционалност на Секторот- Центар за обука<br>Набавка на потребни МТС за отпочнување со работа. | **Показатели на успешност:**<br>- ставање во функција на Центарот |
| Јакнење на капацитетите и способностите на систем за управување со кризи | **Показатели на успешност:**<br>- Ажурирање на Процената на загрозеност на безбедноста на Република Северна Македонија, општините и Градот Скопје осд сите ризици и опасности кој е во функција на планирање и организација на системот за управување со кризи, го помага процесот на одлучувањето на надлежните носители на функции и одговорности, на национално и локално ниво, ја поддржува комуникацијата, координацијата, соработката, партнерските односи и употребата на ресурсите заради превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности кои можат да го загрозат живототи здравјето на луѓето, материјалните и природните богатства, како и општата безбедност на Република Северна Македонија, општините и Градот Скопје<br>- Реализација на обуки за различни нивоа и институции корисници и учесници во изработка и ажурирање на Процените |
| Изградба и развивање на капацитети и способности на субјектите во Системот за управување со кризи, за навремен, брз и координиран одговор преку Континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори | **Показатели на успешност:**<br>- упатување на втор претставник на ЦУК во НАТО, Брисел |
| Надградба на системот за итни повици Е-112 | - Зголемен број на повици преку услугата на системот за итни повици |

Б. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ПОТПРОГРАМАТА

| План за спроведување на Стратешка Потпрограмата 1 - Јакнење на капацитети на ЦУК и СУК | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | | | **Човечки** | | | **Финансиски** | | |
| | | | **Почеток** | **Крај** | **I год.** | **II год.** | **III год.** | **I година** | **II година** | **III година** |
| Изработка на повеќегодишен план за обуки и вежби од 2025-2027 | Сектор-Центар за обука за управување со кризи | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Центар за обука:<br>Планирање и организирање обуки и вежби за вработените во ЦУК и сите други учесници на СУК | ЦУК | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК/Амбасада на САД | 01/2025 | 12/2026 | * | | | Буџетска програма 20 | | |
| Модернизција на постоечкиот УКБ радио систем за известување кој ќе биде во поддршка и на Е-112 и на системот за јавно тревожење | ЦУК | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Воспоставување на целосно функционален систем за известување и тревожење како дел од сегментот за рано предупредување | ЦУК | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Подготвителни активности за одбележување на 20 години ЦУК – организирање на настан и подготовка и печатење на Публикација со значајни активности на ЦУК во изминатите 20 години постоење. | Одделенеие за односи со јавноста и протокол | САПД, ЗД и ВТ во СУК | 03/2024 | 10/2025 | * | * | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | /// |
| Вкупно активности во I година : 5 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година : 3 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во **III година : 3** | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности за програма 1 : 11 | | | | | | | | | | |

| План за спроведување на Стратешка Потпрограмата 2 – Меѓународна соработка | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | | | **Човечки** | | | **Финансиски** | | |
| | | | **Почеток** | **Крај** | **I год.** | **II год.** | **III год.** | **I година** | **II година** | **III година** |
| Упатување на еден втор претставник од ЦУК во Делегацијата на РСМ во НАТО, Брисел | Сектор за меѓународна соработка/СУЧР/СПОРИН | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Буџетска програма 20 | | |
| Унапредување на билатерална и регионална соработка на ЦУК | Сектор за меѓународна соработка | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК и меѓународни субјекти | 01/2025 | 12/2025 | * | | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Унапредување на меѓународна соработка со надлежни тела и структури на ООН, НАТО, ЕУ | Сектор за меѓународна соработка | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК и меѓународни субјекти | 01/2025 | 12/2025 | * | | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Вкупно активности во **I година** : 3 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во **II година** : 1 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во **III година : 1** | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности за програма 2: 5 | | | | | | | | | | |

**План за спроведување на Стратешка Потпрограмата - Надградба на системот за итни повици Е-112**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски | | |
| | | | Почеток | Крај | I год. | II год. | III год. | I година | II година | III година |
| Изработка на апликација за Надградба на системот за итни повици Е-112 преку поддршка од ИПА III акциската програма. | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 01/2025 | 12/2025 | * | | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Надоградба на софтверот за Е-112 за прием на повици со користење на e-call, СМС и социјални медиуми со идентификација, локација и други параметри за повикувачот. | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК, субјекти во СУК и надворешни и меѓународни консултанти | 01/2025 | 12/2026 | * | * | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Надградба на софтверот за Е-112 во делот на испраќање на СМС за предупредување на мобилните телефони во одреден регион со информација дека тој регион зафатен од непогода или катастрофа. | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК, субјекти во СУК и надворешни и меѓународни консултанти | 01/2025 | 12/2025 | * | | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Надоградба во делот на снимени пораки дека веќе е добиен повик и испратени се екипи за одреден настан за кој се очекува голем број на повици во наредниот период. | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 01/2025 | 12/2025 | * | | | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Надградување на постоечките и зголемување на бројот на станици за итни повици, сервери и друга информатичка и телекомуникациона опрема за Е-112. | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК, субјекти во СУК и надворешни и меѓународни консултанти. Центар за обука при ЦУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Надградба на системот за итни повици Е-112 до крајот на 2024 година | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК, субјекти во СУК и надворешни и меѓународни консултанти. Центар за обука при ЦУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 | Буџетска програма 20 |
| Набавка на нов софтвер за овозможување/олеснување на лицата со инвалидитет и попреченост до броевите на службите за итни повици и Е-112 | Сектор Е-112 | Организациони единици во ЦУК, субјекти во СУК и надворешни и меѓународни консултанти. Центар за обука при ЦУК | 01/2025 | 12/2027 | * | * | * | Сите Буџетски програми | Сите Буџетски програми | Сите Буџетски програми |
| Вкупно активности во I година : 7 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година : 4 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во **III година : 3** | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности за програма : 14 | | | | | | | | | | |

2.ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потребите од обука |
|---|---|---|---|
| **Програма - "Управување со кризи"** | Пополнување заради испразнети работни места со вработување на стручен кадар | Има потреба за прераспоредување на вработените за пополнување на непополнетите работни места согласно Правилникот за систематизација во сите организациони единици на ЦУК, со цел:<br>- градење на административни капацитети за планирање, програмирање, буџетирање и извршување<br>- градење на капацитети за ИТ поддршка на воспоставените процеси за развој на Системот за управување со кризи, | • Обука од областа на подготовки за планови за обуки и вежби<br>• Обука за развој на кариера на вработени<br>• Обука од областа на ревизијата на работењето на државните органи, согласно Закон за ЈВФК, посетени и положени испити по сите модули<br>• Обука од областа на подготовка на материјали и други стручни акти<br>• Обука за следење на измени во нормативно-правни работи<br>• Обуки за следење на измени во нормативно-правно работење<br>• Обука за сметководство со благајничко плаќање<br>• Обука за јавни набавки<br>• -Обука за проектирање, администрирање и одржување на ИКТ системот<br>• - Обуки за безбедност на ИКТ системот<br>• Програмирање во рамки на ИПА инструментот<br>• Обука од областа на криптозаштита<br>• Обука за оперативно работење на новите системи<br>• Студиски престој за вработените во Секторот со цел унапредување на методите за стратешко планирање<br>• Обука за ново-вработените и дел од постојано вработените за стратешко планирање и ГПР на ЦУК |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | • Генерички обуки<br>• **Забелешка;**<br>• Реално остварливи со завршување на реновирањето на објектите на Центарот за обука<br>• Потреба од стручно специјалистички обуки од обласата на управувањето со кризи, согласно член 29 од ЗУК и Уредбата бр.15-1040/1 од 09.03.2010 година и тоа:<br>• Обуки за потребите на управувачките тела во СУК,<br>• Обуки за административна, стручна и оперативна поддршка на владините тела во Системот за управување со кризи (СУК)<br>• Обуки за планирање, подготовка и спроведување на обуки и вежби во СУК |
| **Потпрограма Надградба на единствен комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување** | Пополнување на работни места по потреба. | | Задолжителни обуки за нововработените во Сектор Е-112 за:<br>- Психосоцијална поддршка<br>- Комуникациски вештини<br>- Обука за софтвер Е-112<br>- Обука за одржување и администрирање на Е-112 |

## 3.ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

### 3.1.Преглед на вработените во ЦУК според националната застапеност

| *ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ* | Состојба 01.10.2005 година | Процентуална застапеност на 01.10.2005 година | Број на вработени 01.07.2024 година | Процентуална застапеност на 01.07.2024 година | Според попис на население 2021 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 193 | 93,00% | 176 | 59,86 % | 54,21 % |
| Албанци | 8 | 4,00% | 82 | 27,89 % | 29,52 % |
| Турци | 0 | 0,00% | 24 | 8,17 % | 3,98 % |
| Роми | 0 | 0,00% | 7 | 2,3 % | 2,34 % |
| Срби | 5 | 2,00% | 1 | 0,35 % | 1,18 % |
| Бошњаци | 1 | 0,50% | 2 | 0,70 % | 0.87 % |
| Власи | 0 | 0,00% | 1 | 0,35 % | 0,44 % |
| останати | 1 | 0,50% | 1 | 0,35 % | 1,06 % |
| ВКУПНО: | 208 | 100,00 % | 294 | 100,00% | 100,00% |

Од дадената табела се гледа дека правичната застапеност на припадниците на заедниците е во целост запазена, но и натаму останува законска обврска со која заедниците ќе бидат структурално застапени согласно нивниот број.

### 3.2.Очекувано влијание

| 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|
| Согласно важечките законски прописи Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени со Годишниот план за вработување за 2025 година. | Согласно важечките законски прописи Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени со Годишниот план за вработување за 2026 година. | Согласно важечките законски прописи Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени со Годишниот план за вработување за 2027 година. |

## 4. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Во Центарот за управување со кризи од аспект на родовата еднаквост, од вкупно ***306 вработени***, 209 се мажи 97 се жени. Притоа од вкупно 34 вработени раководни административни службеници со високо образование се мажи а 17 се жени, а од вкупно 134 вработени административни службеници со високо образование, 93 се мажи а 41 се жени. Од вкупно стручно- административни службеници 86- се мажи а 29 жени. Од вкупно 5 вработени без статус на државен службеник 5 се мажи. Додека пак 1 жена е лице со посебни потреби. Овие податоци се дадени во следната табела:

### 4.1.Преглед на вработените во ЦУК според половата застапеност, посебни потреби и образование

| Работно место | Степен на образование на вработените во ЦУК | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | Вкупно | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Раководно | 33 | 17 | | | | | | | 33 | 17 |
| Не раководно | 89 | 40 | 5 | 1 | 65 | 38 | | | 159 | 79 |
| Лица со посебни потреби | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Вработени без статус на државен службеник | | | | | 5 | | | | 5 | |
| **ВКУПНО** | 122 | 57 | 5 | 1 | 70 | 38 | / | 1 | 197 | 97 |

Структура на персоналот во Центарот според национална застапеност кај раководните структури

| Националност | Број | Процент од вкупниот број на вработени | Пол | | Раководни државни службеници | Стручни државни службеници | Стручно-административни државни службеници | Други вработени без статус на државен службеник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | Женски | | | | |
| Македонци | 176 | 59,86 % | 113 | 63 | 41 | 62 | 71 | 2 |
| Албанци | 82 | 27,89 % | 62 | 20 | 7 | 49 | 23 | 3 |
| Турци | 24 | 8,17 % | 16 | 8 | 1 | 15 | 8 | 0 |
| Роми | 7 | 2,3 % | 3 | 4 | 0 | 2 | 4 | 1 |
| Власи | 1 | 0,35 % | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 1 | 0,70 % | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Бошњаци | 2 | 0,35 % | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Останати | 1 | 0,35 % | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Вкупно | 294 | 100,00 % | 197 | 97 | 50 | 129 | 109 | 6 |

Во горенаведената табела се гледа дека застапеноста на етничките заедници не е на потребно ниво и, согласно тоа, е потребно да се изврши анализа за подобрување на истата со вработување преку објавување на јавен односно интерен оглас

4.2. Очекувано влијание

| 2025 | 2026 | 2027 |
| --- | --- | --- |
| Родовата перпеспектива е вклучена во стратешкото планирање и буџетирање и ќе продолжи со зголемена ефикасност при креирање на политики и програми. | Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку унапредување на родовата перспектива согласно одредбите од Закон за еднакви можности на жени и мажи. | Воспоставен ефективен и ефикасен систем за постигнување родова еднаквост преку функционални механизми со индикатори за мерење на прогрес. |

5.Развивање на заеднички функции

| **5.1.Развивање на политики и стратешко планирање е во надлежност на Секторот за аналитика, процени и стратешко планирање** |
| --- |
| ⅄ Координација со активностите во процесот на подготовка и изработка на Годишната програма за работа на Центарот, подготвува и изработува анализи-извештаи (месечни и годишни) за реализација на Годишна програма за работа и месечните планови за работа на Центарот,<br>⅄ организирање, раководење и координирање со активностите во процесот на изработка и спроведување на стратешкото планирање<br>⅄ раководење со процесот на изработка на долгорочни и среднорочни планови и програми за развој на Системот за управување со кризи врз основа на принципите и процедурите од системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ).<br>⅄ обезбедување постојано следење на расположивите ресурси кои се потребни за реализација на поставените плански активности, нивно евидентирање во единствена база на податоци, алокација на истите и одредување на приоритети и изработува информации и извештаи до носителите на овластувања во системот за управување со кризи, при тоа ги запазува социо-економските аспекти.<br>⅄ организирање и спроведување на процесот на процена на фискалните импликации за програмите од среднорочниот план и врши нивно поврзување со буџетските можности, на Центарот и истражување други алтернативни можности за пристап до финансиски ресурси за исполнување на стратешките цели и приоритети.“ |

**5.2.Подготовка и извршување на буџетот и управување со средства е во надлежност на Секторот за финансиски прашања**

- изготвување на финансиски планови, извештаи, буџет и други акти од обласа на финансиското работење, нивно следење и контрола ;
- изготвување на годишна завршна сметка;
- давање предлози за воспоставување/укинување на ex-ante финансиска контрола со вршење на процена на ризик на процесите на финансиско управување и контрола;
- координација на активности поврзани со утврдување на потребите за јавни набавки;
- подготвување на план за јавни набавки и следење на истиот;

**5.3. Управување со човечки ресурси** – Во Центарот за управување со кризи, управувањето со човечки ресурси, е во надлежност на одделението за управување со човечки ресурси

- изработување акти за внатрешна организација и систематизација и изменување и дополнување на истите;
- подготвување на Годишен план за вработување на административните службеници за следната календарска година и Годишен план за административни обуки;
- изработување на извештај за реализација на планот за вработување ;
- предлагање и развивање на стратегија на Центарот во областа на управување со човечки ресурси ;
- спроведување политики и принципи за еднакви можности за работа;
- изработување на годишен план за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Центарот;

**5.4.Управување со информациски технологии е во надлежност на Секторот за информатика и телекомуникации**

- обезбедување целосна информатичка и телекомуникациска поддршка,
- планирање, имплементирање, управување, администрација и одржување на информатичките системи на Центарот;
- планирање и реализирање на информатичка обука и континуирана информатичка поддршка на вработените во Центарот,
- одржување на телекомуникациските системи и системите за тревожење на населението, учествува во нивната изградба, развој и модернизацијата;
- мониторинг, следење и техничка поддршка за воспоставување на единствен комуникациско-информативен систем Е-112,

| 5.5. **Внатрешна ревизија е во надлежност на одделението за внатрешна ревизија** |
|---|
| - ревизија на усогласеност на работењето на Центарот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;<br>- ревизија на функционирањето на системот за внатрешна контрола;<br>- оценување на значајните фактори на ризик и давање совети за нивно намалување ;<br>- проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи ;<br>- процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми;<br>- изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија; |
| 5.6 **Сектор за Е-112** |
| - Прием на повици на бесплатниот број за итни повици Е-112 и доставување на ПЗУ до институциите<br>- Организирање на обуки за стручно усовршување на вработените во Секторот Е-112 и другите институции<br>- Развој и одржување на бази на податоци на Центарот за итни повици Е-112<br>- Јакнење, одржување и зголемување на јавната свест и популаризација на Е-112<br>- Поддршка на институциите МВР, ИМП, ППЗ вклучени во системот Е-112 |

6. **Прилог за утврдување на ризици**

6.1. **Ризици на ниво на стратешко планирање**

| Ризик | Веројатност на настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| 1. Доцнење со дефинирањето на стратешките приоритети и цели од страна на колегиумот на директорот | Средна | Средна | Навремено планирање и доставување на дневниот ред на колегиумот на директорот согласно временската рамка во Методологијата за стратешко планирање и Процедурата за стратешко планирање |
| 2.Доцнење со доставување на податоци од страна на организационите единици за изработка на Анализата на состојбата | Средна | Средна | Навремено доставување на допис до организационите единици за доставување на податоците |
| 3. Отсуство на следење на реализацијата на задачите од ГПР и оценување на постигнатиот напредок | Голема | Големо | Постојано инсистирање и потсетување до организационите единици за потребата од спроведувањето на процесот за следење и оценување на резултатите од реализацијата на утврдените задачи. |
| 4.Изработка на ГПР на ЦУК и воспоставување на функционална поврзаност на стратешкото и краткорочното планирање со буџетскиот процес | Голема | Големо | Планирање, организирање и спроведување на интерни обуки со учесниците во планирачкиот процес |

6.2. **Ризици на ниво на потпрограма** - Јакнење на капацитети на ЦУК и СУК

| Ризик | Веројатност на настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| 1.Доцнење со доставување на податоци:<br>- за искажани потреби за обуки и вежби на организационите единици на ЦУК<br>- за искажани потреби за обуки и вежби на субјектите во Системот за управување со кризи | Средна | Средна | Навремено доставување на допис до организационите единици и субјектите |
| 2.Отсуство на стандардизиран процес за изработката на повеќегодишен и годишен план за обуки и вежби во Системот за управување со кризи | Средна | Средна | Планирање, организирање и спроведување на обуки за воспоставување на стандардизиран процес и изработка на процедури за истиот на национално ниво |
| 3.Ненавремено опремување и набавка на материјални средства на Секторот за обука за управување со кризи | Голема | Големо | Навремено опремување и набавка на материјални средства на Секторот за обука за управување со кризи |

6.3. **Ризици на ниво на потпрограма Меѓународна соработка**

| Ризик | Веројатност на настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| Необезбедени финансиски средства за упатување на претставник во Делегацијата на РСМ при НАТО во Брисел | Висока | Висока | Обезбедување на средства од буџетот на РСМ |

6.4. **Ризици на ниво на потпрограма Единствен комуникациско - информациски систем**

| Ризик | Веројатност на настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| Доцнење со подготовката и спроведувањето на тендерот заодржување на Системот е-112 | Средна | Средна | Обезбедување на средства од буџетот на РСМ |
| Ненавремен прием на повици од VoiceBeat платформата на Е-112, СМС или eCall | Средна | Средна | Обезбедување на средства од буџетот на РСМ |
| Ненавремено или неостварување на консултација или конференциска врска со специјалист или неиспраќање на ПЗУ (повик за услуга) до институциите | Средна | Средна | Обезбедување на средства од буџетот на РСМ |
| Ненавремено пријавување и отстранување на грешки и дефекти "HELPDESK" | Средна | Средна | Обезбедување на средства од буџетот на РСМ |
| Непревземање на мерки за обезбедување на високо ниво на безбедност на системот Е-11 | Средна | Средна | Обезбедување на средства од буџетот на РСМ |

Изработил: Севим Јакуп

Прегледал/Одобрил : Трајче Јовановски